Закон за локална самоуправа

( „Службен весник на Република Македонија“ бр.5 од 29 јануари 2002 година)

ЧЛЕН 50

НАДЛЕЖНОСТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

(1) Градоначалник

1. Ја претставува и застапува Општината;
2. Ја контролира законитоста на прописите на Советот;
3. Ги објавува прописите на Советот во службено гласило на Општината;
4. Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
5. Го обезбедува извршувањето на работите кои што со Закон и се делегирани на Општината;
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот;
7. Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Општината;
8. Го извршува буџетот на Општината;
9. Избира директори на јавни служби кои ги основала Општината врз основа на јавен конкурс;
10. Редовно го известува Советот за извршување на своите надлежности во согласност со Статутот;
11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со Закон;
12. Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
13. Раководи со општинската администрација;
14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со Закон;
15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со Законот и Статутот;
16. Врши други работи утврдени со Закон и Статут;

(2) Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти;